Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-11677/1
09-12-2022 год.-viti

Друштво за производство, трговија и услуги
ЕУРО МАРМО-ГРАНИТИ ДОО
Бр. 24-03/22
09 12 2022 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – оникс и травертин на Друштвото за производство, трговија и услуги увоз-извоз ЕУРО МАРМО-ГРАНИТИ ДОО Прилеп на локалитетот „с.Манастир", општина Прилеп бр.41-6395/1 од 4 октомври 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.218/22) и членот 23 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – оникс и травертин на локалитетот „с.Манастир", општина Прилеп бр.24-5723/1 од 13.11.2014 година,

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за економија
Kreshnik Bekteshi
(во натамошниот текст: концедент)
и
2. Друштвото за производство, трговија и услуги увоз-извоз ЕУРО МАРМО-ГРАНИТИ ДОО Прилеп
со адреса: Орде Тодороски-Шемко бр.16 Прилеп, Република Северна Македонија
застапувано од лицето Билјана Василеска
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден __________ 2022 година во Скопје, склучија:

# А Н Е К С
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ОНИКС И ТРАВЕРТИН НА ЛОКАЛИТЕТОТ „С.МАНАСТИР", ОПШТИНА ПРИЛЕП

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – оникс и травертин на локалитетот „с.Манастир", општина Прилеп бр.24-5723/1 од 13.11.2014 година, членот 3 се менува и гласи:

„Член 3
Рок на важење на концесијата
Концесијата од член 2 на овој договор се доделува за период од 20 (дваесет) години".

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје-Shkup

Член 2

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

Член 3

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 6 (шест) примероци за Концедентот и по 1 (еден) примерок за Концесионерот.

Член 4

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - оникс и травертин на локалитетот „с.Манастир“, општина Прилеп бр.24-5723/1 од 13.11.2014 година.

Член 5

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - оникс и травертин на локалитетот „с.Манастир“, општина Прилеп бр.24-5723/1 од 13.11.2014 година остануваат во сила, непроменети.

За Концедентот
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА,
Kreshnik Bekteshi

За Концесионерот
Друштвото за производство
трговија и услуги
увоз-извоз
ЕУРО МАРМО-ГРАНИТИ
ДОО Прилеп
Билјана Василеска

Изработил/Përpiloi: Fatmir Shaqiri
Контролирал/Kontrolloi: Кика Шпритова
m-r Jeton Kuçi
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe
Согласен/Miratoi: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ